## ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**www.iph.mk**

Ул. “50 Дивизија” бр.6, 1000 СКОПЈЕ

Тел: 02 3 125 044, 3 223 033; Фах: 02 3 223 354

## ОДДЕЛ ЗА ЕПИДЕМИОЛОГИЈА НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА

# Б И Л Т Е Н

за движењето на акутните заразни заболувања во Република Северна Македонија
во месец **ј у н и, 2025**




**Скопје, 07.07.2025**

**Содржина:**

*ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО ЈУНИ, 2025* 3

*ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ* 5

*ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА* 5

*СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА* 5

*ЕПИДЕМИИ* 5

*СМРТНИ СЛУЧАИ* 6

*ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ* 6

*БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ* 6

***ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО ЈУНИ, 2025***

Во текот на јуни 2025 година, во Република Северна Македонија, пријавени се вкупно 946 заболени лица од акутни заразни заболувања (без COVID-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ) со вкупна инциденца од 51,5 на 100.000 жители.

Во текот на месец јуни се бележи зголемување на вкупниот број на заболени лица за 4,9% во однос на претходниот месец мај 2025 (n=902). Во однос на аритметичката средина за периодот 2015–2024, се бележи намалување за 21,0% (n=1.197), а во однос на јуни 2024, се бележи намалување за 18,0% (n=1.153). (Графикон 1)

Во вкупниот број на заболени во 2025 година, регистрираните случаи во месец јуни учествуваат со 18,3%. Кумулативниот број на пријавените случаи во 2025 (n=5.173) е за 32,5% помал во однос на кумулативата за истиот период во 2024 година (n=7.659).

***<u>Графикон 1</u>: Број на заболени од заразни болести по месеци во 2025 и аритметичка средина за 2015-2024***




Најголем број акутни заразни заболувања на ниво на ЦЈЗ е пријавен на територија на ЦЈЗ Скопје (n=404; 42,7%), а најмал број е пријавен во ЦЈЗ Кочани (n=7; 0,7%). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ЦЈЗ се регистрира на територијата на ЦЈЗ Струмица (I=139,6/100.000), а најниска е инциденца во ЦЈЗ Кочани (I=7,9/100.000). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ПЕ е регистрирана на територија на Валандово (I=361,6/100.000). Шест ПЕ не доставија пријави за заразни болести од територијата која ја покриваат (Демир Хисар, Гевгелија, Свети Николе, Делчево, Пехчево и Дебар). (Табела 1 во Прилог, Картограм)

***<u>Графикон 2</u>: Број на пријавени и инциденца од акутни заразни заболувања по ЦЈЗ во јуни, 2025***




***Десетте најчесто пријавувани акутни заразни заболувања*** во јуни учествуваат со 98,3% во вкупниот број на заболени во месецот и бележат инциденца од 50,6/100.000 жители. *(Табела 1)*

***<u>Табела 1</u>: Десет најчесто пријавувани акутни заразни заболувања во јуни, 2025***

| Заболување | Број | I/100.000 |
|---|---|---|
| Овчи сипаници (B01) | **483** | **26,3** |
| Ентероколитиси (A08, A09) | **336** | **18,3** |
| Салмонелози (A02) | **51** | **2,8** |
| Шуга (B86) | **23** | **1,3** |
| Инфективна мононуклеоза (B27) | **12** | **0,7** |
| Бактериски алиментарни инфекции и интоксикации (A05.0, A05.2 - A05.9) | **8** | **0,4** |
| Скарлатина (A38) | **5** | **0,3** |
| Вирусен хепатитис Б (B16) | **4** | **0,2** |
| Ехинококоза (B67) | **4** | **0,2** |
| Бруцелоза (A23) | **4** | **0,2** |
| ***Вкупно*** | ***930*** | **50,6** |

***Првите две најчести заразни заболувања*** (овчи сипаници и ентероколити, n=819), учествуваат со 86,6% во вкупниот број на заболени, а со 88,1% во десетте најчесто пријавени акутни заразни заболувања во месец јуни 2025 година.

Во текот на јуни, **најчесто** регистрирано акутно заразно заболување се **овчите сипаници** со вкупно 483 пријавени лица. Тие во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 51,1%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 51,9%.

Во однос на претходниот месец мај 2025 (n=445), се регистрира зголемување на бројот на пријавени од овчи сипаници за 8,5%, во однос на месец јуни 2024 (n=551) се регистрира намалување за 12,3%, како и во однос на аритметичката средина (n=550) каде се регистрира намалување за 12,1%.

Во вкупниот број на регистрирани овчи сипаници во 2025 (n=2.721), пријавените случаи во јуни учествуваат со 17,8%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2025 година (n=5.173), овчи сипаници учествуваат со 52,6%.

Кумулативниот број на заболени од овчи сипаници во 2025 (n=2.721) е за 41,1% помал во однос на кумулативата за истиот период во 2024 (n=4.622).

На второ место по број на пријавени заболени во месец јуни се **ентероколити**, со 336 случаи. Во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 35,5%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 36,1%.

Во однос на претходниот месец мај 2025 (n=313), се регистрира зголемување на бројот на заболени лица од ентероколити од 7,3%, додека во однос на месец јуни 2024 (n=326) се регистрира зголемување за 3,1%.

Во однос на аритметичката средина (n=463) се регистрира намалување за 27,5%.

Во вкупниот број на регистрирани ентероколити во 2025 (n=1.656), пријавените случаи во јуни учествуваат со 20,3%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2025 година (n=5.173), ентероколитите учествуваат со 32,0%.

Кумулативниот број на пријавени ентероколити во 2025 (n=1.656) е зголемен за 16,0% во однос на кумулативата за истиот период во 2024 година (n=1.428).

Во однос на поделбата на **акутните заразни заболувања по групи** во јуни, најголем број (n=502) припаѓаат на **капкови заболувања** (53,1%; I=27,3/100.000) *(Графикон 3)*. Од нив, најголем број, (n=483; 96,2%) и инциденца (I=26,3/100.000), се пријавите за овчи сипаници. Во оваа група се пријавени, 12 случаи на инфективна мононуклеоза (I=0,7/100.000), 5 случаи на скарлатина (I=0,3/100.000) и по еден случај на пневмококна инфекција и заразни заушки.

Во месец јуни, пријавени се 400 случаи (42,3% од вкупниот број на пријави) на заболени од групата на **цревни заболувања** *(Графикон 3),* со инциденца од 21,8/100.000. Од нив, најголем број (n=336; 84,0%) и инциденца (I=18,3/100.000) се пријавите на ентероколити. Пријавени се 51 случај на салмонелози (I=2,8/100.000), 8 случаи на бактериски алиментарни инфекции и интоксикации (I=0,4/100.000), 3 случаи на кампилобактериоза и по еден случај на инфекција со E.colli и шигелоза.

Во групата на **останати акутни заразни** заболувања, во јуни се регистрирани 26 случаи (2,7%; I=1,4/100.000) (*Графикон 3*). Од нив 23 се случаи на шуга (88,5%; I=1,3/100.000), 2 случаи на бактериски менингит и еден случај на вирусен менингитис.

Во групата на **сексуално и крвно преносливи инфекции** (без ХИВ/СИДА) се регистрирани 8 заболени лица (0,8%; I=0,4/100.000) *(Графикон 3)*, и тоа пријавени се 4 случаи на вирусен Хепатитис Б, 3 инфекции со хламидија и еден случај гонореја. *(Табела 1 во Прилог).*

Во групата на **зоонози**, во месец јуни регистрирани се 10 случаи. По 4 случаи на бруцелоза (40,0%; I=0,2/100.000) и ехинококоза (40,0%; I=0,2/100.000) и по еден случај на лајм борелиоза и лајшманиоза. *(Графикон 3)*

***Графикон 3**: Структура на заболени по групи на заболувања во јуни, 2025*




## *ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ*

Во текот на месец јуни, пријавени се 2 случаи потврдени на ХИВ и еден случај на СИДА, сите три случи се од машки пол. Од кои 2 припаѓаат на возрасната група од 30-34 години и еден случај на возрасната група 60-64 години. Регистриран е еден смртен случај од СИДА, претходно, пријавен како заболен во мај 2025 година. (*Табела 3 во Прилог*)

Согласно постоечката евиденција на пријавени случаи (заклучно со 30.06.2025), кумулативниот број на лица регистрирани со ХИВ/СИДА во Р. Северна Македонија, за периодот 1987–2025, изнесува 709, и тоа:

- 136 лица починале,
- 569 лица живеат со ХИВ/СИДА (4 лица се со непознат исход).

## *ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА*

Во однос на вакцино-превентабилните болести, во месец јуни 2025 регистрирани се 6 случаи со инциденца од 0,3/100.000 жители. (*Табела 2 во Прилог*)

Регистрирани се 4 случаи на вирусен хепатитис Б кои според возраста не подлежат на имунизација согласно Календарот за задолжителна имунизација во РСМ и не се вакцинирани против оваа болест. Дијагнозата е потврдена лабораториски.

Пријавен е еден случај на заразни заушки од Скопје, дете на 4-годишна возраст кое не е вакцинирано со МРП вакцина. Болеста е докажана клинички.

Во групата на вакцино-превентабилни болести, пријавен е и 1 случај на пневмококна инфекција, од Скопје. Случајот е докажан лабораториски. Пациентот според возраста не подлежи на задолжителна имунизација согласно Календарот за задолжителна имунизација во РСМ.

## *СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА*

Во Р. С. Македонија во текот на месец јуни, пријавени се вкупно 10 случаи на КОВИД-19, за разлика од месец мај кога беа пријавени 6 случаи и месец јуни 2024 кога се регистрирани 25 случаи.

Сите заболените во јуни 2025 се од Скопје.

Во текот на месецот не е регистрирано починато лице асоцирано со КОВИД-19.

Од КОВИД-19 заболените, три лица припаѓаат на возрасната група 0-9 години, по две лица припаѓаат на возрасните групи од 30-39 и 40-49 години и три лица се на возраст над 70 години.

Во лабораториите во кои се спроведува молекуларно и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, во текот на месец јуни, се тестирани вкупно 530 материјали за 18,8% помалку во однос на минатиот месец (n=653).

Од почетокот на пандемијата, заклучно со 30.06.2025, пријавени се вкупно 352.121 потврден случај на КОВИД-19 (I=19.171,3/100.000) и 10.006 смртни случаи (Mt= 544,8/100.000; CFR=2,8%).

## *ЕПИДЕМИИ*

Во текот на месец јуни, до Институтот за јавно здравје е пристигната пријава за епидемија на алиментарна токсоинфекција предизвикана од Salmonella enteritidis.

ЦЈЗ Прилеп пријави епидемија на алиментарна токсоинфекција. Епидемијата е пријавена со 38 заболени лица кои конзумирале иста храна во фабрика во Прилеп. Од заболените лица, три биле хоспитализирани. Од 5 заболени лица се земени материјали за испитување на копрокултура и кај две лица е изолирана Salmonella enteritidis. Во соработка со АХВ, ЦЈЗ Прилеп изврши санитарно-хигиенска контрола во кујната на добавувачот на храна и во трпезарискиот дел на фабриката каде се служи храната. Земени се мостри за микробиолошко испитување од жива и нежива средина.

Од страна на ЦЈЗ Прилеп предложени се соодветни санитарно-хигиенски и против епидемиски мерки, како и редовно и континуирано одржување на хигиена во објектот, соодветна манипулација и чување на прехрамбените продукти. Објектот за припрема на храна беше затворен до добивање на негативни резултати од земените материјали. По превземање на сите потребни епидемиолошки мерки од страна на ЦЈЗ Прилеп, епидемијата е одјавена на 11.06.2025.

## *СМРТНИ СЛУЧАИ*

Во текот на месец јуни, **не се регистрирани смртни случаи од акутно заразно заболување** *(без КОВИД-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ)*.

## *ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ*

Во текот на јуни, 2025 година во ИЈЗ се пристигнати 650 *Пријави за изолиран-докажан причинител на заразна болест и резистенција на антибиотици (Табела 4 во прилог).*

Пријави се добиени од микробиолошките лаборатории од териториите на сите десет ЦЈЗ/ПЕ. Најголем број пристигнати пријави се од лабораториите кои се наоѓаат на територијата на ЦЈЗ Скопје (n=419; 64.5%) и ЦЈЗ Куманово (n=82; 12,6%). (*Табела 4 во Прилог)*.

Најчесто пријавувани причинители во месец јуни се: *HPV (166; 25,5%), MRSA(n=162; 24,9%), и Salmonella enteritidis (49; 7,5%).*

Во однос на пријавите за резистенција на антибиотици, резистенција е добиена за *MRSA,* Proteus mirabillis ESBL, Escherchia coli, Escherchia coli ESBL и Salmonella enteritidis.

Во однос на лабораториите кои пријавуваат резистенција, пријавите се од микробиолошките лаборатории на територијата на ЦЈЗ Битола, ЦЈЗ Скопје, ЦЈЗ Куманово, ЦЈЗ Кочани, ЦЈЗ Охрид, ЦЈЗ Велес, ЦЈЗ Прилеп и ЦЈЗ Штип.

## *БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ*

Во текот на месец јуни, ***пристигната е една пријава*** за заразно заболување салмонелоза кај странски државјанин од Република Србија кој привремено престојувал во Република Северна Македонија.

***Оддел за епидемиологија на заразни заболувања***
***Институт за јавно здравје на РСМ***